Јавна здравствена установа Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина
13 НОЕМВРИ
Бр. 05-890/12
17.04 2019 год.
СКОПЈЕ

...овско друштво за компјутерски инженер...
СЕМОС ДОО
Бр. 03-90
18-04-2019 год.
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР**

**За Јавна Набавка на Услуги за адаптивно одржување на инсталиран функционален апликативен софтвер за болничко работење -** Во делот на картотека да се додаде ( покрај ЕМБГ, Презиме, Име, Татково име, Пол, Сместен) и пребарување по ЕЗБО/ЕХИЦ и Ажурирање на стариот назив ЈЗУ Геронтолошки завод "13 Ноември" Скопје со новиот назив **ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина "13 Ноември" – Скопје** за потребите на **ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември" – Скопје**

Склучен на ден 17.04.2019 година помеѓу:

1. **ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември" Скопје**, претставуван од ВД д-р Салија Љатиф Петрушовска (во понатамошниот текст Договорен орган)

и

2. **Семос Доо Скопје**, бул. Кузман Јосифовски Питу Скопјанка блок 2 ламела 6 Скопје, застапуван од Управител - Директор Герасим Ванчев ( во понатамошниот текст Носител на набавката-извршител)

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 1

Договорниот орган е Јавна Здравствена установа која има потреба од склучување на договор за јавна набавка на **Услуги за адаптивно одржување на инсталиран функционален апликативен софтвер за болничко работење -** Во делот на картотека да се додаде ( покрај ЕМБГ, Презиме, Име, Татково име, Пол, Сместен) и пребарување по ЕЗБО/ЕХИЦ и Ажурирање на стариот назив ЈЗУ Геронтолошки завод "13 Ноември" Скопје со новиот назив **ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина "13 Ноември" – Скопје.**

Носителот на набавката е правно лице кое е регистрирано според законите на Република Северна Македонија и ја врши дејноста која е потребна за квалитетно исполнување на обврските од овој Договор.

**II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 2

Предмет на овој Договор е набавка на **Услуги за адаптивно одржување на инсталиран функционален апликативен софтвер за болничко работење -** Во делот на картотека да се додаде ( покрај ЕМБГ, Презиме, Име, Татково име, Пол, Сместен) и пребарување по ЕЗБО/ЕХИЦ и Ажурирање на стариот назив ЈЗУ Геронтолошки завод "13 Ноември" Скопје со новиот назив **ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина "13 Ноември" – Скопје,** согласно Техничката спецификација на предметот на набавката, и конечната понуда на понудувачот во постапка со преговарање без објава на оглас, прилог на овој договор.

**III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ, НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ**

Член 3

Единечната цена и вкупната цена на предметот на набавката е содржана во табелата во прилог:

| **Р.б** | **Назив(опис) на услугата** | **ЕМ** | **Количина** | **Единечна цена без ДДВ** | **Единечна цена со ДДВ** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Услуги за адаптивно одржување на инсталиран функционален апликативен софтвер за болничко работење** - Во делот на картотека да се додаде ( покрај ЕМБГ, Презиме, Име, Татково име, Пол, Сместен) и пребарување по ЕЗБО/ЕХИЦ и Ажурирање на стариот назив ЈЗУ Геронтолошки завод "13 Ноември" Скопје со новиот назив **ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина "13 Ноември" – Скопје** | Паушал | 1 | 20.000,00 | 23.600,00 |

Вкупната вредност на предметот на овој договор изнесува **20.000,00** денари без ДДВ, односно **23.600,00** со вклучен ДДВ.
Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

Начин на плаќање: **по доставена фактура со рок на плаќање од 30 дена. Начинот и рокот на плаќање се задолжителни**.

**IV. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА**

Член 4

При изготвување на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште и даночен број;
- број и датум на Договорот склучен за предметната набавка;
- количини со опис на услугите, дефинирани како во член 3 од Договорот;
- единечни договорени цени на секоја од услугите;
- вкупни цени по услуги;
- вкупна цена на фактурата;
- валута на плаќање

**V. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН**

Член 5

Договорниот орган се обврзува да му овозможи слободен пристап на персоналот на Носителот на набавката да може да изврши непречна инсталација на апликативниот софтвер предмет на овој договор.
Договорниот орган се обврзува дека ќе се придржува кон упатствата и нормите за употреба и ракување со апликативниот софтвер добиени од Носителот на набавката.
Договорниот орган се обврзува да назначи овластено лице за контакт со Носителот на набавката.

Член 6

Договорниот орган се обврзува дека на персоналот на Носителот на набавката ќе му ги завери работните налози и службената документација, која се однесува на обврските кои произлегуваат од овој договор.

**VI. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

Член 7

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата предмет на договорот во просториите на **ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември" – Скопје на ул.Борис Сарафов бр.129 Ѓорче Петров – Скопје за период од 1 година и Оддел палијативна медицина Хоспис Сју Рајдер Битола на ул. Лавчански пат бб Битола**.

**Носителот на набавката е должен да го врши следново:**

При адаптирањето може да се овозможат следните опции во менито:

1. Можност за изработка на сметка.
2. При изработката на сметка можност за плаќање на истата на различни начини, во кеш, со картица на соодветен терминал, или мешано.
3. Преглед на сметки.
4. Можност за изработка на сторно сметка.
5. Можност за изработка на сторно сметка од претходна година.
6. Преглед на сторно сметки.

Дополнително опција за печатење на фискални извештаи на фискалниот принтер како дневен пазар и контролен фискален извештај.

Извештаи за работење како:

Дневен промет

Трговска книга / Евиденција во трговија

КДФИ / Книга на дневни финансиски извештаи.

Член 8

Носителот на набавката **е должен да отпочне со извршување на услугите - предмет на договорот во рок од 1 ден од повикот од страна на договорниот орган, на локација на договорниот орган, на ул. Борис Сарафов бр. 129, Ѓорче Петров, Скопје и на ул. Лавчански пат бб Битола.**

**VII. ПРИЈАВУВАЊЕ НА ДЕФЕКТИ**

Член 9

Во случај на откажување на системот или компонента од системот, Договорниот орган го известува Носителот на набавката за настанатиот дефект. По приемот на пријавата за настанатиот дефект, Носителот на набавката ќе постапи согласно член 5 од овој Договор.

Договорниот орган го пријавува дефектот преку телефон или e-mail на овластеното лице од Носителот на набавката и од тогаш започнува да тече рокот за отстранување на дефектот. Договорниот орган е должен уредно да го отвори и пополни работниот налог во делот ПРИЈАВА НА ДЕФЕКТ.

**VIII. ВИША СИЛА**

Член 10

Виша сила подразбира случки кои се вон контрола на договорните страни, кои не можат да се предвидат, а ако може да се предвидат не може да се спречат или отстранат, а кои може да се појават после потпишувањето на овој договор и да го оневозможат делумно или целосното извршување на договорните обврски.

Дејството на виша сила кое ја спречува една од договорните страни да ги изврши делумно или целосно договорните обврски може да биде прифатено од другата стрна само ако е писмено известена во рок од 7 (седум) дена за настанување на вишата сила. Дејството на вишата сила мора

да биде докажано со потврда од надлежен орган кога тоа околностите го дозволуваат. Ако дејството на виша дила трае подолго до 30 (триесет) дена договорните страни ќе најдат обострано прифатливо решение.

**IX. ТАЈНОСТ НА ДОГОВОРОТ И ПОДАТОЦИТЕ**

Член 11

Договорните страни се согласни дека овој договор и прилозите кон истиот се сметаат за доверливи, поради што ниедна од договорните страни без согласност на другата страна нема да ги соопшти, предаде или на било кој друг начин стори достапни на трети лица, освен на лица и органи во мера во која е тоа потребно за извршување на овој договор, и тоа во границите во кои тоа го налагаат законот и прописите на Република Македонија.
Не се дозволува целосно или делумно изнесување на единиците и back up траките без писмена согласност на овластеното лице на Договорниот орган.

**X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 12

Овој договор се склучува за времетраење од 1 година сметано од 17.04.2019 година.

Член 13

Договорот влегува во сила со денот на потпишување на двете договорни страни, и негово менување, или раскинување можно е само со согласност на двете страни.

Член 14

Сите евентуални спорови кои неможат спогодбено да се решат ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Член 15

Договорот е составен во 4 еднобразни примероци од кои по 2 за секоја договорна страна.

Договорен орган
ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и Палијативна медицина „13 Ноември" Скопје
ВД Директор
Д-р Салија Љатиф Петрушовска

Носител на набавка

СЕМОС ДОО СКОПЈЕ
Герасим Ванчев